# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.6/2014

## 08.05.2014 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за Урбана заедница 9 Блок 3 во Неготино,Општина Неготино**

Се објавува Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за Урбана заедница 9 Блок 3 во Неготино,Општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 07.05.2014 година.

Бр.08_185/1
08.05.2014

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 22 и 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ број 51/05, 137/07, 91/09 ,124/10, 18/11, 53/11,144/12,55/13,163/13), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 07.05.2014 година донесе

**ОДЛУКА**
**За утврдување на Детален урбанистички план за Урбана заедница 9 Блок 3 во Неготино,Општина Неготино**

Член 1

Се донесува одлука за утврдување на Детален урбанистички план за Урбана заедница 9 дел од Урбан Блок 3 во Неготино со плански период од 2013 -2018 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е графичкиот приказ за Детален урбанистички план за Урбана заедница 9 Блок 3 во Неготино со тех.бр.06/13-у од 2.77 ха. изработен од „Друштво за проектирање, ревизија и надзор „ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје ,кој се наоѓа во просториите на Општина Неготино.

Член 3

Ова одлука стапува во сила цо денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Неготино“.

Бр.07_174/3
07.05.2014 година

Совет на Општина Неготино
Претседател
Јордан Паунов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичка планска документација за усогласување на намените на бесправно изградени објекти со намените на земјиштето и општиот режим на градење и употреба**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичка планска документација за усогласување на намените на бесправно изградени објекти со намените на земјиштето и општиот режим на градење и употреба, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 07.05.2014 година.

Бр.08_185/2
08.05.2014

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ број 56/11,162/12 и 95/13), на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ број 3/06, 2/2011 и 06/11 Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 07.05.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба од донесување на урбанистичка планска документација за усогласување на намените на бесправно изградени објекти со намените на земјиштето и општиот режим на градење и употреба**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намена на бесправно изградени објекти кои треба да се вклопат со поединечни зони според намената на земјиштето и општиот режим на градење и употреба.

Член 2

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КО Тимјаник –Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградените објекти.

Член 3

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КО Криволак –Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградените објекти.

Член 4

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КО Пепелиште –Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградените објекти.

Член 5

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КО Црвени Брегови –Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградените објекти.

Член 6

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КО Војшанци –Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградените објекти.

Член 7

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КО Тремник –Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградените објекти.

Член 8

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КО Долни Дисан –Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградените објекти.

Член 9

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КО Горни Дисан –Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградените објекти.

Член 10

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КО Курија –Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградените објекти.

Член 11

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Неготино“.

Бр.07_174/5
07.05.2014 година

Совет на општина Неготино
П р е т с е д а т е л,
Јордан Паунов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Неготино во областа на социјалната заштита во 2014 година**

Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Неготино во областа на социјалната заштита во 2014 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 07.05.2014 година.

Бр.08_185/3
08.05.2014

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ( „Службен весник на Р.М„ бр.5/02 и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („Службен гласник на општина Неготино„ бр.3/06), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 07.05.2014 година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Неготино во обласна на социјалната заштита во 2014 година**

Член 1

Во Програмата за активностите на Општина Неготино во областа на социјалната заштита во 2014 година се вршат следниве измени

Во табелата Буџет за реализација на програмата

Во точка 8, колона 2- Ангажирање на корисници на социјални парични средства за вршење на јавни работи ( врз основа на повик), во колона 5 сумата од 1.642.000,00ден се намалува за 72.000,00 и се заменува со 1.570,000,00, во колона 6 сумата од 548. 000,00 исто така се намалува за 72.000,00 и се заменува со 476.000,00 ден ( Намалените 72.000 од точка 8 се реалоцираат како општинско учество во новата точка 11 во истата програма) во табелата Буџет за реализација на програмата како што следи:

По Точката 10 се додава нова Точка 11, колона 2-гласи-Проект-***Општинско корисна работа-Промовирање на одржливи вработувања-3***, колона 3, Ангажирање на ранливи категории на населението во вршење на социјални услуги во 7 игрални во 7 рурални средини, колона 4 гласи -2014 (6 месеци),колона 5 гласи вкупно 7 лица х 6000 х 6 месеци=252.000,00,колона 6 гласи 2 лица х 6000х6 месеци=72.000,00 општина Неготино , колона 7 гласи 5 лицах6000х6 месеци=180.000,00 други извори(УНДП)

Точката 11 ВКУПНО, станува 12, во колона 5 сумата од 5.836,000,00 се заменува со сумата 6.043.000,00 во колона 6 сумата 4.283.000,00 останува непроменета, во колона 7-други извори сумата 1.580,000,00 се заменува со 1.760,000,00

Во временската табела на активности:

По точка 10 се додава точка 11- Проект-Општинско корисна работа-Промовирање на одржливи вработувања-3, (мај-ноември 2014)
Во делот ФИНАНСИРАЊЕ од истата програма сумата од 5.836,000,00
денари вкупно,се заменува со сумата 6.043.000,00 ден, сумата 4.283.000,00-буџет на општина Неготино останува непроменета и цумата ко-финансирање од 1.580,000,00 се заменува со сумата 1.760.000,00 денари.

**Член 2**

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето,
а ќе се објави во„Службен гласник на Општина Неготино„.

Бр.07_174/6
07.05.2014 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за давање на согласност на Јавната установа за деца Општинска детска градинка„ Фемо Кулаков“ Неготино за организирање па групи со поголем број на деца**

Се објавува Одлуката за давање на согласност на Јавната установа за деца Општинска детска градинка„ Фемо Кулаков“ Неготино за организирање на групи со поголем број на деца, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 07.05.2014 година.

Бр.08_185/4
08.05.2014

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 64 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ„ бр.23/13, 12/14 и 44/14) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седница одржана на ден 07.05.2014 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За давање на согласност на Јавната установа за деца Општинска детска градинка „Фемо Кулаков„ Неготино за организирање на групи со поголем број на деца**

Член 1

СЕ ДАВА согласност на Јавната установа за деца Општинска детска градинкаI Фемо Кулаковв Неготино за организирање на групи со поголем број на деца од бројот на децата во групите утврдени во Законот за заштита на децата.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.07_174/11
07.05.2014 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за утврдување на приоритет на проектот „Изградба на резервоар V=500 m3 с.Пепелиште, општина Неготино“ како дел од Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“**

Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет на проектот „Изградба на резервоар V=500 m3 с.Пепелиште, општина Неготино“ како дел од Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 15.04.2014 година.

Бр.08_185/5
08.05.2014

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“ Службен весник на РМ. “бр.5/02), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 15.04.2014 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за утврдување на приоритет на проектот „Изградба на резервоар V=500 m3 с.Пепелиште, општина Неготино“ како дел од Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Неготино ГО ОДОБРУВА како приоритетен за реализација следниот проект:

„Изградба на Резервоар V=500 m3 с.Пепелиште, Општина Неготино“како дел од Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“

Овој проект е составен дел на Програмата за комунални дејности и уредување на градежното земјиште на просторот на општина Неготино за 2014 година.

**Член2**

Одобрениот проект од член 1 на оваа одлука за финансирање на водоснабдителни системи и системи за одведување на отпадни води, се утврдува како исклучителна потреба за општина Неготино чија реализација би овозможила подобрување на постоечката комунална инфраструктура како и создавање на подобри услови за живот во ова населено место.

**Член 3**

Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено од Владата на Република Македонија преку грант чија висина е утврдена со Одлука за распределба на средства согласно заем Договорот за заем кај Европската Инвестициона Банка по договорот за заем по Проектот „ Водоснабдување и одведување на отпадни води ( Службен весник на РМ. “ Бр.83/2010).

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.07_165/3
15.04.2014 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2014 година**

Се објавува Одлуката за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2014 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 07.05.2014 година.

Бр.08_185/6
08.05.2014

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

**ОД НЕШКА ДА ЈА ЗАЛЕПАМ**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2014 година**

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2014 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 07.05.2014 година.

Бр.08_185/7
08.05.2014

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

ОД НЕШКА ДА ЈА ЗЕМАМ

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за доделување на еднократна парична помош**

Се објавува Решението за доделување на еднократна парична помош, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 07.05.2014 година.

Бр.08_185/8
08.05.2014

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 07.05.2014 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За доделување на еднократна парична помош**

Член 1

Се доделува еднократка парична помош на следните лица
- Иван Младенов од Неготино во износ од 20.000,оо денари
- Петре Ангелов од Неготино во износ од 20.000,оо денари
- Иванче Недев од с.Курија во износ од 12.000,оо денари
- Весна Манева од Неготино во износ од 15.000,оо денари
- Елвир Шабанов од с.Криволак во износ од 15.000,оо денари
- Ленча Давчева од Неготино во износ од 12.000,оо денари
- Ивица Димитров од Неготино во износ од 15.000,оо денари
- Ѓоко Ѓорѓев од Неготино во износ од 10.000,оо денари.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.07_174/9
07.05.2014 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за доделување на финансиска помош**

Се објавува Решението за доделување на финансиска помош., што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 07.05.2014 година.

Бр.08_185/9
08.05.2014

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06 , 2/11 , 6/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 07.05.2014 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За доделување на финансиски средства**

Член 1

За подршка на активностите на здружението Карате клуб „Антигона 2„ Неготино се доделуваат 45.000,00 денари.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.07_174/10
07.05.2014 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

# С О Д Р Ж И Н А

## на Службен гласник бр. 6/2014

1. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за Урбана заедница 9 Блок 3 во Неготино,Општина Неготино Стр.1

2. Одлука за утврдување на Детален урбанистички план за Урбана заедница 9 Блок 3 во Неготино,Општина Неготино Стр.2

3. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичка планска документација за усогласување на намените на бесправно изградени објекти со намените на земјиштето и општиот режим на градење и употреба Стр.3

4. Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичка планска документација за усогласување на намените на бесправно изградени објекти со намените на земјиштето и општиот режим на градење и употреба Стр.4-5

5. Заклучок за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Неготино во областа на социјалната заштита во 2014 година Стр.6

6. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Неготино во областа на социјалната заштита во 2014 година Стр.7-8

7. Заклучок за објавување на Одлуката за давање на согласност на Јавната установа за деца Општинска детска градинка„ Фемо Кулаков“ Неготино за организирање na групи со поголем број на деца Стр.8

8. Одлука за давање на согласност на Јавната установа за деца Општинска детска градинка„ Фемо Кулаков“ Неготино за организирање на групи со поголем број на деца Стр.9

9. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на приоритет на проектот „Изградба на резервоар V=500 m3 с.Пепелиште, општина Неготино“ како дел од Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ Стр.10

10. Одлука за утврдување на приоритет на проектот „Изградба на резервоар V=500 m3 с.Пепелиште, општина Неготино“ како дел од Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ Стр.10-11

11. Заклучок за објавување на Одлуката за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2014 година Стр.12

12. Одлука за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2014 година Стр.13

13. Заклучок за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2014 година Стр.14

14. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2014 година Стр.15

15. Заклучок за објавување на Решението за доделување на еднократна парична помош Стр.16

16. Решение за доделување на еднократна парична помош Стр.17

17. Заклучок за објавување на Решението за доделување на финансиска помош Стр.18

18. Решение за доделување на финансиска помош Стр.19